**ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**

# КОНСОЛИДИРАН ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ НА ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА, ДООЕЛ АРГУС, ДООЕЛ СЦЕНА И БАЗА ДООЕЛ ЗА 2020 ГОДИНА

**Скопје, Март 2021 година**

СОДРЖИНА:

ВОВЕД....................................................3

БУЏЕТ НА ЈРП МРТ И ДООЕЛ-ИТЕ СО ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ И ДООЕЛ –ите ВО 2020 ГОДИНА....................................................4

ПРИХОДИ....................................................5

ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ И ДООЕЛ-ите ЗА 2020 ГОДИНА .6

РАСХОДИ....................................................7

ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ И ДООЕЛ-ите ПО ГРУПИ ВО 2020 ГОДИНА....................................................7

ИНВЕСТИЦИИ....................................................13

АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО 2020 ГОДИНА (според Консолидиран биланс на успех за 2020 год.)....................................................14

СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ, ДООЕЛ Аргус, ДООЕЛ Сцена и База ДООЕЛ на 31.12.2020 година....................................................18

РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ....................................................19

СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ....................................................20

# ВОВЕД

Консолидираниот Годишен финансиски извештај за годината што заврши на 31 декември 2020 година содржи финансиски податоци за ЈРП Македонска радио телевизија и ДООЕЛ - ите , Аргус ДООЕЛ , ТВ Сцена ДООЕЛ и База ДООЕЛ.
ЈРП Македонска радио телевизија е капитално поврзана странка со сите три друштва врз основа на сопственост на 100% од уделите на овие друштва.
Своето работење МРТ го базира на производство и емитување на програма од областа на информирањето, образованието, науката, културата и уметноста, документарна и играна програма и програма со музичко - забавни содржини на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници.
Во 2020 година, постоечкиот Втор ТВ програмски сервис на албански јазик својата програма започна да ја емитува со 24 часовно дневно времетраење а се отворија и уште три телевизиски програмски сервиси кои емитуваат програма со 24 часовно времетраење и тоа, МТВ 3 кој емитува забавно - музичка, културна и спортска програма, МТВ 4 – документарна програма и програма на јазиците на етничките заедници (турска, ромска, влашка, српска и бошњачка) и МТВ 5 наменет за детска програма а во тек се активности за започнување со работа и на еден нов радио програмски сервис МРА 4 – на кој ќе се емитува радио програма на помалите етнички заедници во РСМ.
Програмата на МРТ е достапна и до гледачите и слушателите во европските и прекуокеанските земји преку радио и ТВ сателитската програма со 24 часовно времетраење.
При основањето на ДООЕЛ Аргус како основна дејност заведена е реклама и пропаганда а како дополнителна активност - дистрибуција на филмови како и други забавни активности - организирање на културни и спортски манифестации.

Основна дејност на База ДООЕЛ претставува истражување на пазарот на јавното мислење а дополнителна дејност се деловни и менаџмент консултантски услуги - медија консалтинг, бази на податоци, издавање на списанија и друга издавачка дејност.

Основната дејност пак на СЦЕНА ДООЕЛ претставува инжинеринг, производство и преработка на мебел и текстил.

Меѓутоа, во извршувањето на дејноста за која се основани овие ДООЕЛ-и, активен во својата тековна работа е само ДООЕЛ Сцена, додека ДООЕЛ Аргус и База ДООЕЛ подолг период наназад немаат деловна активност. Поради тоа, од страна на органите за управување во ЈРП МРТ донесен е заклучок за започнување на постапка за затворање на сите три ДООЕЛ-и.

Консолидираниот годишен извештај е изработен врз основа на Консолидираната годишна сметка член 504 и член 506 став 4 од Законот за трговски друштва.

## БУЏЕТ НА ЈРП МРТ СО ДООЕЛ АРГУС, ДООЕЛ СЦЕНА И ДООЕЛ БАЗА ВО 2020 ГОДИНА

Во 2020 година ЈРП Македонска радио телевизија со ДООЕЛ Аргус, ДООЕЛ Сцена и База ДООЕЛ оствари приходи во вкупен износ од 1.012.313.948 денари. Во истиот период реализирани се трошоци во вкупен износ од 936.361.779 денари, при што е остварен позитивен финансиски резултат во работењето во износ од 75.952.169 денари.

### ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО 2020 ГОДИНА
### (според Консолидиран биланс на успех за 2020 година)

| ОПИС | Остварување во 2019г. | | Остварување во 2020г. | | индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| | износ | стр. | износ | стр. | 4/2*100 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **А.ВКУПЕН ПРИХОД** | **929,219,916** | **100.0** | **1,012,313,948** | **100.0** | **108.9** |
| **Б.ВКУПНИ ТРОШОЦИ** | **1,455,059,736** | **156.6** | **936,361,779** | **92.5** | **64.4** |
| Трошоци за вработени | 400,366,802 | 43.1 | 440,417,736 | 43.5 | 110.0 |
| Патни и транспортни трошоци | 9,102,977 | 1.0 | 1,992,267 | 0.2 | 21.9 |
| Заеднички трошоци | 882,543,358 | 95.0 | 204,417,412 | 20.2 | 23.2 |
| Програмски права | 113,561,961 | 12.2 | 238,427,791 | 23.6 | 210.0 |
| Останати трошоци од работење | 49,484,638 | 5.3 | 51,106,573 | 5.0 | 103.3 |
| **ФИНАН.РЕЗУЛТАТ (А-Б)** | **-525,839,820** | | **75,952,169** | | |

# ПРИХОДИ

Во 2020 година ЈРП Македонска радио телевизија заедно со ДООЕЛ Аргус, ДООЕЛ Сцена и База ДООЕЛ оствари приходи во вкупен износ од 1.012.313.948 денари.

Основен извор на средства за покривање на трошоците за создавање и емитување на програмите но и за техничко-технолошки развој на јавниот радиодифузен сервис, согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (сл.весник 132/17), е приходот за финансирање на радиодифузна дејност од Буџетот на РСМ односно од Министерството за информатичко општество и администрација. Во 2020 година, по овој основ, беше планиран приход во износ од 894.000.000 денари, но, поради настанатата состојба со корона вирусот Covid – 19 а како резултат на преземените мерки на државно ниво за намалување на вкупните трошоци, со ребалансот на Буџетот на РСМ, средствата за финансирање на радиодифузна дејност беа намалени за 37.250.000 па така вкупниот остварен приход по овој основ во анализираната 2020 година изнесува 856.750.000 денари.

По основ на Маркетинг услуги – продажба на рекламно време остварен е приход во износ од 7.126.770 денари. Поради веќе добро познатата причина (состојбата предизвикана од корона вирусот) во текот на 2020 година беше откажано одржувањето на бројни забавни, културни и особено спортски настани а тоа всушност предизвика значително намалување на прходот по основ на продажба на рекламно време во рамки на програмските содржини кои се емитуваа на програмите на МРТ.

Приходите по основ на изнајмување на деловен простор (закупнини) изнесуваат 301.594 денари, по основ на донации 786.431 денар а по основ на наплата на судски одлуки остварувањето изнесува 779.151 денар.

По основ на технички и други услуги во странство (коментаторски позиции, ISDN линии, и останати услуги) како и услуги во земјата (користење на студијата, преснимување на материјали, ангажирање на вработени за извршување на работи од заеднички интерес со останатите институции во кулата и останати услуги) остварени се приходи во вкупен износ од 2.172.696 денари.

Останатите деловни приходи (приходи од камати, курсни разлики, отпишани обврски, приходи од минати години) реализирани се во вкупен износ од 24.397.306 денари и истите ги опфаќаат и приходите на ДООЕЛ-ите во износ од 125.777 денари по основ на отпишани обврски од минати години.

Во текот на 2020 година од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на РСМ, МРТ доби финансиска помош во износ од 30.000.000 денари, средства кои беа наменети за спроведување на мерки и активности за заштита на своите вработени преку набавка на заштитни средства, медицински потрошен материјал и хигиенски средства, како и за покривање на дополнителните трошоците поврзани со производство, набавка и емитување на програма

наменета за деца и млади како и на други видови на програма со цел исполнување на улогата на јавен сервис во услови на пандемија и справување со негативните последици врз економско-финансиското работење.

Согласно измените и дополнувањето на Буџетот на РСМ за 2020 година, кон крајот на месец декември 2020 година, од страна на Министерството за информатичко општество и администрација на ЈРП МРТ и беа исплатени дополнителни финансиски средства во износ од 90.000.000 денари за постигнување на повисок степен на програмски и техничко – технолошки развој. Со оглед на тоа дека средствата се добиени на крајот на годината, истите ќе се користат во текот на 2021 година.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА 2020 ГОДИНА**
**(според Консолидиран биланс на успех за 2020 година)**

| ПРИХОДИ | Остварени приходи во 2019 г. | Остварени приходи во 2020 г. | Индекс 3/2*100 | Структура |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Средства за финансирање на радиодифузна дејност од Буџетот на РСМ | 894,000,000 | 856,750,000 | 95.8 | 84.6 |
| Закупнини | 297,442 | 301,594 | 101.4 | 0.0 |
| Приходи од услуги во земјата | 2,069,256 | 2,069,256 | 100.0 | 0.2 |
| Приходи од странство (технички услуги,отстапени права и сл.) | 455,825 | 103,440 | 22.7 | 0.0 |
| Останати деловни приходи ( приходи од камати,позитивни курсни разлики,отпишани обврски, приходи од минати години),дополнително утврдени приходи од претходни години и слично | 18,471,546 | 24,397,306 | 132.1 | 2.4 |
| Приходи од наплата по судски одлуки | 186,693 | 779,151 | 417.3 | 0.1 |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 12,989,210 | 7,126,770 | 54.9 | 0.7 |
| Приходи од донации, продажба на програма и услуги | 749,944 | 786,431 | 104.9 | 0.1 |
| Приход од донација од ААВМУ | 0 | 30,000,000 | 0.0 | 3.0 |
| Приход од МИОА за програмски и техничко-технолошки развој на ЈРП МРТ | 0 | 90,000,000 | 0.0 | 8.9 |
| **СЕ ВКУПНО:** | **929,219,916** | **1,012,313,948** | **108.9** | **100.0** |

# РАСХОДИ

Во 2020 година ЈРП Македонска радио телевизија заедно со ДООЕЛ Аргус, ДООЕЛ Сцена и База ДООЕЛ оствари расходи во вкупен износ од 936.361.779 денари.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ ВО ЈРП МРТ ПО ГРУПИ ВО 2020 ГОДИНА**
**( според Консолидиран биланс на успех за 2020 година)**

| ТРОШОЦИ | Консолидиран -Остварување во 2019г. | Консолидиран -Остварување во 2020г. | Индекси (3/2*100) |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| Трошоци на вработените | 400,366,802 | 440,417,736 | 110.0 |
| Патни и транспортни трошоци | 9,102,977 | 1,992,267 | 21.9 |
| Заеднички трошоци | 882,543,358 | 204,417,412 | 23.2 |
| Програмски права | 113,561,961 | 238,427,791 | 210.0 |
| Останати трошоци од работење | 49,484,638 | 51,106,573 | 103.3 |
| **А. ВКУПНО ТРОШОЦИ:** | **1,455,059,736** | **936,361,779** | **64.4** |
| | | | |
| **ИНВЕСТИЦИИ** | | | |
| | | | |
| Набавка на опрема | 46,737,523 | 1,878,793 | 4.0 |
| | | | |
| **Б. ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **46,737,523** | **1,878,793** | 4.0 |
| | | | |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ (А+Б)** | **1,501,797,259** | **938,240,572** | **62.5** |

### Трошоци за вработените

Во текот на 2020 година остварени се трошоци за вработените во вкупен износ од 440.417.736 денари, од кои 426.104.609 денари се однесуваат на бруто платите на вработените. Истите, во однос на остварувањето кај МРТ се зголемени за износот на бруто платите на вработените во ДООЕЛ Сцена кој во 2020 година бележи реализација од 1.297.848 денари. Додека пак, во однос на остварувањето во минатата 2019 година се зголемени поради изедначувањето на минималната плата на вработените во МРТ, почнувајќи од месец Септември 2020 година, со нето платата на ниво на државата а која изнесуваше 14.934 денари. Ова усогласување е извршено согласно утврдените измени во Колективниот договор склучен помеѓу Синдикатот на МРТ и Програмскиот совет на МРТ. Останатите реализирани трошоци во вкупен износ од 14.313.127 денари се однесуваат на трошоци за регрес за годишен одмор во кои е вкалкулиран и регресот за вработените во ДООЕЛ Сцена во износ од 37.197 денари, трошоци за исплатена отпремнина на

вработените кои оствариле право на пензија во кои исто така е вкалкулиран трошок во износ од 52.726 денари за вработен од ДООЕЛ СЦЕНА кој е заминат во пензија, потоа трошоци за едукација (разни обуки на вработените, учество на семинари и слично) како и на други лични примања (останати надоместоци на вработените) ставка која опфаќа дадена парична помош во случај на смрт на вработен или на член на потесното семејство, исплатена плата во случај на боледување подолго од шест месеци и слично.
Просечната месечна нето плата по работник во МРТ и ДООЕЛ – ите за 2020 година изнесуваше 31.470 денари.

**Патни трошоци и транспортни трошоци**

Групата патни и транспортни трошоци е остварена во вкупен износ од 1.992.267 денари. Оваа реализација е значително намалена во однос на 2019 година од причина што во текот на 2020 година патувањата на екипите на МРТ особено надвор од земјата беа или целосно откажани или сведени на најнепходен минимум поради појавата на Covid-19 – корона вирусот кој всушност предизвика стопирање на речиси сите активности на општествениот живот во светот. Така, во рамки на патувањата кои беа реализирани во странство а во насока на исполнување на програмските цели се вбројуваат патувањата на екипите на МРТ во: Милано – учество на семинар за Арберешите, Солун – посета на саем Агротика, Нирнберг – снимање на репортажна емисија, Швајцарија – снимање на спортски репортажи, Њујорк – следење на концерт на Симон Трпчевски, Берлин – присуство на саем за храна Зелена недела, Подгорица – регионална средба на новинари, во Истанбул и Коња - снимање на документарна репортажна емисија, Анталија – медиумска презентација на културното и историското наследство на Република Турција, Анкара – снимање на емисија од областа на културата, Тбилиси и Кипар – квалификациски натпревари во фудбал, Љубљана и Софија – присуство на состаноци во врска со преговори за откуп на права за емитување на настани од спортот и слично. Додека пак, службените патувања во земјата се однесуваат на патувања на екипите на МРТ за реализација на преноси и емитување на настани како Охридско лето, Макфест, Илинден, Струшки вечери на поезијата, музички фестивал Песна ечи на албански јазик, Рацинови средби, потоа пренос и емитување на прославата по повод 1000 годишнината од основањето на манастирот Свети Јован Бигорски, одбележување на празникот 11 Октомври, снимање за емисијата Аграр како и следење и известување од разни настани од областа на спортот (фудбал, одбојка, ракомет, кошарка и слично) и слично.

Во оваа група на трошоци се вбројуваат и трошоците реализирани во врска со следење на активностите на државниот врв на РСМ.

**Заеднички трошоци**

Групата заеднички трошоци во анализираниот период бележи остварување во вкупен износ од 204.417.412 денари. Во овој износ се вкалкулирани трошоците на ДООЕЛ-ите во износ од 79.627 денари кои се однесуваат на трошоци за пресметана амортизација, банкарски услуги, материјали за кулиси и декор и материјали за поправка и одржување. Исто така, споредено со остварените трошоци во МРТ, во Консолидираниот извештај вкупениот износ на заедничките трошоци е намален за 1.289.770 денари кои се дел од ставката дополнително утврдени трошоци од минати години. Овој износ е веќе вкалкулиран во истата ставка во Извештајот за реализација на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2020 година.

Оваа група ги опфаќа следните видови на трошоци:

- потрошни материјали во кои спаѓаат електричниот и техничкиот материјал, материјалот за поправка и одржување и слично остварени во вкупен износ од 3.863.933 денари,
- трошоците за канцелариски материјал, материјал за возен парк и останати материјали остварени во вкупен износ од 1.512.091 денар,
- трошоците за енергија остварени во вкупен износ од 26.476.910 денари а се однесуваат на потрошена електрична енергија, потрошена топлотна енергија, гориво и мазиво,
- трошоците за набавен ситен инвентар остварени во износ од 882.870 денари,
- трошоците за фиксна и мобилна телефонија, интернет услуги и поштарина а се остварени во вкупен износ од 2.581.136 денари,
- за аудио и видео линии (унилатерали, мултилатерали, ПНН мрежа) кои се неопходни за реализирање на сите спортски настани но и за други преноси, потрошени се средства во износ од 5.775.523 денари,
- за инвестиционо и тековно одржување на објектите и опремата (набавка на резервни делови и услуги за одржување на опремата и објектите) реализирани се трошоци во вкупен износ од 8.424.359 денари,
- реализација во рамките на планираните износи за 2020 година бележат трошоците за агенциски услуги за обезбедување на објектите во МРТ во износ од 4.716.892 денари како и трошоците за одржување хигиена кои се остварени во износ од 3.016.688 денари,
- за одржување на ВЕБ страната на МРТ реализирани се трошоци во износ од 995.011 денари,
- финансиските средства со реализација во износ од 843.622 денари се дел од донацијата која изнесуваше вкупно 30.000.000 денари и која и беше исплатена на МРТ во првата половина од 2020 година од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на РСМ. Имено, од вкупно добиените 30.000.000 денари, 2.500.000 денари беа наменети за спроведување на мерки и активности за заштита на вработените преку набавка на заштитни средства, медицински потрошен материјал и хигиенски средства потребни за спречување на ширењето на опасноста од Корона вирусот COVID-19 кај

населението, како и справување со последиците од ова вирусно заболување. За оваа цел, беа планирани и беа спроведени тендерски постапки и беа склучени договори за јавна набавка на стоки - заштитни средства, медицински потрошен материјал и хигиенски средства и јавна набавка на услуги – услуги за дезинфекција на работните простории во МРТ, а со оглед на фактот дека склучените договори имаат рок на важење од една година или пак до нивно целосно исполнување истите ќе имаат реализација и во 2021 година, додека пак останатите 27.500.000 денари беа наменети за програмски цели,

- за одржување на возилата на МРТ реализацијата во 2020 година изнесува 978.519 денари а за регистрација на истите остварени се трошоци во износ од 111.766 денари,
- комуналните услуги во кои спаѓаат трошоците за вода и ѓубретарина остварени се во висина од вкупно 4.356.129 денари и нивната реализација е на ниво на планираните средства,
- исто така, реализација во рамките на планираните износи бележат и трошоците за објавување на огласи и конкурси кои се остварени во износ од 137.822 денари,
- амортизацијата на основните средства е пресметана во износ од 65.934.835 денари, остварување кое произлегува од употребата на набавената опрема поврзана со процесот на дигитализацијата во МРТ како и од тековните набавки на нова опрема потребна за непречено одвивање на процесот на производство и емитување на програмата,
- трошоците во износ од 30.858.522 денари се резервирани средства по основ на трошоци за главен долг и камата по добиени судски пресуди во судски спорови со ММИ, Агенција за филм, Глигор Смокварски,
- вредносно усогласување на побарувањата по разни основи во земјата и странство и обезвреднување на нетековни и тековни средства е сметководствена категорија која за 2020 година изнесува 6.048.934 денари, а реализацијата во најголем дел произлегува од обезвреднување на ненаплатени краткорочни побарувања од купувачи од земјата и странство, потоа од поврзани субјекти во земјата, спогодби и слично,
- трошоците за промоција и репрезентација се реализирани во износ од 329.954 денари,
- трошоците за осигурување на имот и возила на МРТ (опрема, возила, патнички осигурувања и сл.) остварени се во вкупен износ од 703.104 денари,
- трошоците за банкарски услуги се остварени во износ од 399.615 денари и истите опфаќаат реализација на платен промет во земјата и странство а по основ на плаќање на обврски по договори за откуп на права за емитување на спортска и играна – филмска програма, за аудио и видео линии, членарини кон ЕБУ, ЦИРКОМ, котизациии и слично,
- трошоците за даноци (данок на приход за исплати во странство, задржан данок) бележат остварување во износ од 3.698.411 денари кое произлегува од договори склучени со странски комитенти за откуп на права за емитување на спортска програма, филмови и серии и останати видови соработка.

- за надомест за членови на Надзорен одбор и Програмски совет евидентиранио е остварување во износ од 6.281.518 денари кое се пресметува и исплатува согласно Законот за ААВМУ,
- дополнително утврдените расходи остварени се во износ од 14.584.584 денари, реализација која произлегува по основ на пристигнати фактури во текот на 2020 година а кои се однесуваат на трошоци од минат период, потоа трошоци по основ на утврдени камати од претходни години, трошоци за спорови, административни и судски такси, судски пресуди и друго,
- камати од работење и затезни камати е ставка која во анализираната 2020 година бележи вкупна реализација од 5.164.590 денари и истата произлегува од пресметани камати за судски спорови по обврски од минати години спрема правни лица чија разрешница е во тековната 2020 година како и пресметани камати по основ на склучени спогодби за плаќање на долговите на рати и камати по основ на јавни давачки и слично,
- ставката негативни курсни разлики е остварена во износ од 5.005.183 денари.

**Програмски права**

Групата на трошоци за Програмски права во 2020 година е остварена во вкупен износ од 238.427.791 денар.

Како што претходно беше спомнато, во услови на отежнато работење на ЈРП МРТ и зголемен ризик на кој се изложени вработените поради новонастанатата состојба во земјата и светот која е предизвикана од ширењето на опасноста од Корона вирусот COVID-19 кај населението, како и за справување со последиците од ова вирусно заболување, тековното работење на МРТ во 2020 година финансиски беше помогнато со донација во износ од 30.000.000 денари добиена од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Од тие средства, покрај планираниот износ од 2.500.000 денари кој беше наменет за преземање на мерки и активности за заштита на вработените преку набавка на заштитни средства, медицински потрошен материјал и хигиенски средства како и услуги за дезинфекција на просториите, останатите финансиски средства во износ од 27.500.000 денари беа наменети да го олеснат процесот на откуп, создавањето и емитувањето на програмата на МРТ, односно со овие средства финансиски беше поткрепена групата на Програмски права, со што всушност беше помогнато покривањето на трошоците поврзани со производство, набавка и емитување на програма пред се наменета за деца и млади како Дајте музика и 5+ Фамилија на македонски и албански јазик, но и на други видови на програма која ќе придонесе за исполнување на улогата на јавен радиодифузен сервис во услови на пандемија и справување со негативните последици врз економско-финансиското работење.

За откуп на права за пренос и емитување на спортски настани фактурираната реализација изнесува 20.573.287 денари и истата се однесува на трошоци за откуп на права за пренос на

уметничко лизгање, хокеј, СЕХА лига ракомет, трошоци за откуп на права на фудбалски натпревари како Македонска фудбалска лига и Македонски куп, пренос на натпревари од француски и италијански фудбал, откуп на права за пренос и емитување НБА лига кошарка, домашен спорт, трошоци за партиципации за спортски права и размена на спортски вести и друго.

Ставката останати програмски права е реализирана во износ од 92.320.477 денари и таа во овој период опфаќа трошоци за координација на радио вести и радио спорт, потоа фактурирана реализација за емитувана програма на Прв и Втор ТВ програмски сервис односно откуп на права за емитување на Виенски концерт, лиценцирани вести од интернет, откуп на права за емитување на емисии од разни области и жанрови (детски, едукативни, документарни) меѓу кои се следните : ТВ магазин за родители и деца со наслов Моето дете, емисии за деца со наслов Арт Крафт, забавна емисија Чирак, ТВ магазин за екологија со наслов Екобаланс, ТВ серијал со наслов Тие, ТВ емисии со наслов Урбан Соул, ТВ проект Пријатели на модата, едукативен серијал за млади Факте, ТВ проект Агенда 35, квиз емисија 20 Секунди, ТВ емисии со наслов Седум минути здравје, ТВ проект Приказна, документарен филм за Турците во Македонија, ТВ проект Вредни домаќинки и слично.

Трошоците за копродукциски проекти изнесуваат 105.128.694 денари и опфаќаат реализација на договори за заедничка соработка со комитенти за снимање и емитување на ТВ проекти од областа на музиката, културата, образованието, забавно-контактни емисии, детски и образовни емисии на македонски и албански јазик како што се: ТВ проект Тунел, ТВ проект Дајте музика, ТВ серија 5+Фамилија на македонски и на албански јазик (производство и емитување на шеста сезона), ТВ серија Преспав (производство и емитување на петта сезона), образовен серијал за деца Островот на Бен, ТВ емисии со наслов Компромис, ТВ проект Европски приказни, детски серијал Зоки Поки, Објектив, ТВ емисии од областа на истражувачкото новинарство, ТВ проект за деца – Бумеранг, ТВ серијал Најпознати приказни, долгометражен документарен филм Џаџев - последниот трубадур како и други емисии од областа на модата, сообраќајот, забавно-контактни емисии, детски емисии и слично.

Трошоците во износ од 20.312.791 денар се однесуваат на откуп на права за емитување на детски анимирани серии (Дора истражува, Диего и сл.) како и филмови и серии со најразлични жанрови.

**Останати трошоци од работење**

Оваа група на трошоци е остварена во вкупен износ од 51.106.573 денари и истиот, во овој извештај во однос на остварувањето кај МРТ дополнет е за 443.981 денари од ДООЕЛ - ите (зголемување кај ставката авторски договори и интелектуални услуги). Во рамките на оваа група, реализирани се следните видови трошоци:

- трошоци за склучени изведувачки, договори за соработка и авторски договори преку авторска агенција во износ од 16.041.466 денари а со цел надополнување на

дефицитарниот кадар а во овој износ се вкалкулирани и трошоците во износ од 403.474 денари кои по основ на склучени авторски договори се реализирани во ДООЕЛ Сцена,

- трошоците за интелектуални услуги кои се однесуваат на превод и обработка на откупена странска филмска и останата програма, добиени стручни мислења и слично, реализирани се во износ од 5.593.664 денари и во нив се вкалкулирани трошоците на ДООЕЛ-ите во вкупен износ од 40.507 денари по основ на добиени стручни мислења, консултативни и сметководствени услуги,
- за технички услуги остварени се трошоци во износ од 2.316.230 денари, а се однесуваат на трошоци за коментаторски позиции за сите спортски натпревари, унилатерали, ISDN линии, технички трошоци за сигнал во живо и слично.
- трошоците околу организирање и реализација на проектот во врска со избор на македонски претставници и нивно учество на фестивалот Евросонг 2020 и јуниорски Евросонг 2020 година изнесуваат 2.090.129 денари но во нив се опфатени само дел од вкпуно планираните трошоци за оваа намена односно, остварувањето е значително намалено во однос на планираниот износ поради фактот што реализацијата на Евросонг 2020 беше целосно откажана а јуниорскиот Евросонг се одржа електронски а сето ова поради состојбата со корона вирусот,
- трошоците кои произлегуваат од членувањето на МРТ во меѓународните радиодифузни организации како ЕБУ, ЦИРКОМ, ЕРНО и слично изнесуваат 9.951.605 денари,
- трошоците за мало авторско право ЗАМП реализирани се во износ од 13.251.833 денари,

## ИНВЕСТИЦИИ

### Инвестиции во опрема

Во 2020 година во МРТ реализирани се инвестиции во вкупен износ од 1.878.793 денари. Во рамки на овие средства обновени се ПВЦ прозорци и ламинатски подови во дописните центри на МРТ во РСМ, извршена е реконструкција на спуштените плафони во дел од работните простории а набавени се и трофазен УПС уред и противпожарна централа со димнооптички јавувачи на пожар.

**АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО 2020 ГОДИНА**

**(според Консолидиран биланс на успех за 2020 год.)**

| ТРОШОЦИ | Консолидиран -Остварување во 2019г. | Консолидиран -Остварување во 2020г. | Индекси (3/2*100) |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| **Трошоци за вработените** | | | |
| ***1) Трошоци за вработените*** | | | |
| Бруто плати (основна плата,даноци,придонеси,минат труд,празнична,ноќна,г.о., боледување,платено отсуство) | 388,623,225 | 426,104,609 | 109.6 |
| Отпремнина за одење во пензија | 1,457,378 | 2,533,140 | 173.8 |
| Регрес за годишен одмор | 8,896,195 | 9,228,925 | 103.7 |
| Други лични примања (останати надоместоци на вработени,помош во случај на смрт на вработен или на член на семејство) | 546,260 | 714,395 | 130.8 |
| Јубилејни награди за вработени и пригодни подароци за пензионирање | 0 | 1,670,647 | 0.0 |
| Трошоци за здравствени услуги | 565,756 | 0 | 0.0 |
| Трошоци за едукација | 277,988 | 166,020 | 59.7 |
| **Вкупно 1 - Трошоци за вработените** | **400,366,802** | **440,417,736** | **110.0** |
| **Патни и транспортни трошоци** | | | |
| ***2)Патни трошоци*** | | | |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во земјата | 1,737,395 | 996,852 | 57.4 |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во странство | 4,200,248 | 366,738 | 8.7 |
| Превоз за службени патувања во земјата | 9,149 | 0 | 0.0 |
| Превоз за службени патувања во странство | 2,155,533 | 58,166 | 2.7 |
| Сопствено возило за службени потреби | 285,913 | 293,403 | 102.6 |
| Услуги за патарина,останати услуги од патувања | 226,240 | 127,270 | 56.3 |
| **Вкупно 2** | **8,614,478** | **1,842,429** | **21.4** |
| ***3)Транспортни услуги*** | | | |
| Услуги за такси превоз | 488,499 | 149,838 | 30.7 |
| **Вкупно 3** | **488,499** | **149,838** | **30.7** |
| **Вкупно - Патни и транспортни трошоци** | **9,102,977** | **1,992,267** | **21.9** |
| **Заеднички трошоци** | | | |
| ***4)Трошоци за суровини и материјали*** | | | |
| Електричен материјал | 1,739,886 | 1,429,250 | 82.1 |
| Технички материјал | 1,297,867 | 1,405,934 | 108.3 |
| Материјал за кулиси и декор | 355,970 | 293,434 | 82.4 |
| Материјал за реквизита | 0 | 0 | |
| Разни прехранбени и други материјали за снимање | 712 | 0 | 0.0 |
| Материјал за поправка и одржување | 134,813 | 735,315 | 545.4 |
| **Вкупно 4** | **3,529,248** | **3,863,933** | **109.5** |
| ***5)Трошоци за останати материјали*** | | | |
| Канцелариски материјал | 724,283 | 1,222,273 | 168.8 |
| Материјал за возен парк и останати материјали | 99,131 | 289,818 | 292.4 |
| Заштитна облека и обувки, ХТЗ опрема | 351,937 | 0 | 0.0 |
| **Вкупно 5** | **1,175,351** | **1,512,091** | **128.7** |

| ТРОШОЦИ | Консолидиран -Остварување во 2019г. | Консолидиран -Остварување во 2020г. | Индекси (3/2*100) |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| ***6)Трошоци за енергија*** | | | |
| Трошоци за електрична енергија | 14,419,076 | 15,778,726 | 109.4 |
| Трошоци за топлотна енергија | 8,432,485 | 9,080,768 | 107.7 |
| Трошоци за гориво и мазиво | 2,448,150 | 1,617,416 | 66.1 |
| **Вкупно 6** | **25,299,711** | **26,476,910** | **104.7** |
| ***7)Трошоци за ситен инвентар и авто гуми*** | | | |
| Ситен инвентар и автогуми | 2,833,290 | 882,870 | 31.2 |
| **Вкупно 7** | **2,833,290** | **882,870** | **31.2** |
| ***8)Поштенски,телефонски услуги,интернет, аудио и видео линии*** | | | |
| Телефонски трошоци-дирекни | 254,577 | 346,049 | 135.9 |
| Телефонски трошоци-мобилни | 1,871,008 | 1,792,940 | 95.8 |
| Трошоци за интернет | 70,100 | 302,310 | 431.3 |
| Поштарина | 162,294 | 139,837 | 86.2 |
| Трошоци за користење на аудио и видео линии | 9,179,515 | 5,775,523 | 62.9 |
| **Вкупно 8** | **11,537,494** | **8,356,659** | **72.4** |
| ***9)Услуги за одржување и заштита*** | | | |
| Агенциски услуги за обезбедување на имот | 3,904,643 | 4,716,892 | 120.8 |
| Инвестиционо и тековно одржување на основни средства | 4,809,281 | 2,405,120 | 50.0 |
| Инвестиционо и тековно одржување на градежни објекти | 2,844,842 | 6,019,239 | 211.6 |
| Одржување на возила | 523,119 | 978,519 | 187.1 |
| Одржување на ситен инвентар и автогуми | 37,015 | 82,927 | 224.0 |
| Други услуги за одржување и заштита | 726 | 0 | 0.0 |
| Услуги за одржување на ВЕБ страна | 871,844 | 995,011 | 114.1 |
| Агенциски услуги за одржување хигиена | 1,960,090 | 3,016,688 | 153.9 |
| Заштитни материјали, хигиенски и медицински средства за заштита на вработените од коронавирус | 0 | 843,622 | 0.0 |
| **Вкупно 9** | **14,951,560** | **19,058,018** | **127.5** |
| ***10)Комунални услуги*** | | | |
| Гаражирање и паркирање на возила | 1,785 | 1,735 | 97.2 |
| Дератизација и дезинфекција | 72,684 | 155,000 | 213.3 |
| Трошоци за ѓубретарина | 829,356 | 830,721 | 100.2 |
| Трошоци за вода | 3,555,936 | 3,368,673 | 94.7 |
| **Вкупно 10** | **4,459,761** | **4,356,129** | **97.7** |
| ***11)Останати услуги од работењето*** | | | |
| Заверка на пасоши,визи и слично | 92,594 | 0 | 0.0 |
| Трошоци за огласи и конкурси | 339,012 | 137,822 | 40.7 |
| Трошоци за регистрација на возила,полномоштва и слично | 104,247 | 111,766 | 107.2 |
| Шпедитерски услуги,царински услуги и брза пошта | 43,985 | 14,136 | 32.1 |
| Трошоци за противпожарна заштита (полнење на ПП боци,сервисирање на ПП апарати) | 117,245 | 0 | 0.0 |
| **Вкупно 11** | **697,083** | **263,724** | **37.8** |
| ***12)Трошоци за амортизација*** | | | |
| Амортизација на основни средства | 61,533,778 | 65,934,835 | 107.2 |
| Резервирања врз основ на судски спорови | 5,620,328 | 30,858,522 | 549.1 |
| **Вкупно 12** | **67,154,106** | **96,793,357** | **144.1** |

| ТРОШОЦИ | Консолидиран -Остварување во 2019г. | Консолидиран -Остварување во 2020г. | Индекси (3/2*100) |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| ***13)Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис*** | | | |
| Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековни и тековни средства,побарувања од купувачите и отпис на побарувања од РДТ | 703,636,113 | 6,048,934 | 0.9 |
| **Вкупно 13** | **703,636,113** | **6,048,934** | **0.9** |
| ***14)Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација*** | | | |
| Трошоци за промоција и пропаганда | 56,468 | 49,792 | 88.2 |
| Трошоци за репрезентација | 580,236 | 280,162 | 48.3 |
| **Вкупно 14** | **636,704** | **329,954** | **51.8** |
| ***15)Премии за осигурување*** | | | |
| Премии за осигурување | 741,731 | 703,104 | 94.8 |
| **Вкупно 15** | **741,731** | **703,104** | **94.8** |
| ***16)Банкарски услуги и трошоци во платен промет*** | | | |
| Такси за истакнување фирма | 7,000 | 0 | 0.0 |
| Банкарски услуги | 709,893 | 399,615 | 56.3 |
| **Вкупно 16** | **716,893** | **399,615** | **55.7** |
| ***17)Останати трошоци од работење*** | | | |
| Трошоци за спроведување на ИСО стандарди,консултанти,сертификати и слично | 208,953 | 0 | 0.0 |
| Услуги за атестирање,изработка на елаборат за безбедност и заштита при работа | 33,613 | 0 | 0.0 |
| Трошоци за стручна литература и списанија | 0 | 80,300 | 0.0 |
| **Вкупно 17** | **242,566** | **80,300** | **33.1** |
| ***18)Тршоци за надомест и други примања на членови и надзорен одбор, одбор на директори и управители*** | | | |
| Надомест за членови на Надзорен одбор и Програмски совет на МРТ | 5,862,586 | 6,281,518 | 107.1 |
| **Вкупно 18** | **5,862,586** | **6,281,518** | **107.1** |
| ***19)Даноци,судски такси и друго*** | | | |
| Даноци | 2,020,958 | 3,698,411 | 183.0 |
| Судски трошоци и административни такси | 511,271 | 235,212 | 46.0 |
| **Вкупно 19** | **2,532,229** | **3,933,623** | **155.3** |
| ***20)Казни,пенали,надомест на штети*** | | | |
| Казни,пенали,надомест на штети | 122,990 | 221,400 | 180.0 |
| **Вкупно 20** | **122,990** | **221,400** | **180.0** |
| ***21)Дополнително утврдени расходи од минати години*** | | | |
| Дополнително утврдени расходи од минати години | 14,554,309 | 14,584,584 | 100.2 |
| **Вкупно 21** | **14,554,309** | **14,584,584** | **100.2** |
| ***22)Камати од работење и затезни камати*** | | | |
| Камати од работење и затезни камати | 17,266,066 | 5,164,590 | 29.9 |
| Камати од неплатени јавни давачки | 3,024,510 | 0 | 0.0 |
| **Вкупно 22** | **20,290,576** | **5,164,590** | **25.5** |
| ***23)Негативни курсни разлики*** | | | |
| Негативни курсни разлики | 1,569,057 | 5,005,183 | 319.0 |
| **Вкупно 23** | **1,569,057** | **5,005,183** | **319.0** |

| ТРОШОЦИ | Консолидиран -Остварување во 2019г. | Консолидиран -Остварување во 2020г. | Индекси (3/2*100) |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| ***24) Трошоци за набавки на стоки и услуги до 1000 евра*** | | | |
| Трошоци за набавки на стоки и услуги до 1000 евра | **0** | 100,916 | 0.0 |
| **Вкупно 24** | **0** | **100,916** | **0.0** |
| **Вкупно- Заеднички трошоци** | **882,543,358** | **204,417,412** | **23.2** |
| **Програмски права** | | | |
| ***25)Програмски права*** | | | |
| Права за филмови | 7,019,195 | 20,312,791 | 289.4 |
| Останати програмски права | 22,464,639 | 92,320,477 | 411.0 |
| Надомест за фестивал ЕВРОСОНГ | 2,239,525 | 0 | 0.0 |
| Надомест за фестивали | 307,434 | 92,542 | 30.1 |
| Права за спортски настани | 12,179,907 | 20,573,287 | 168.9 |
| Надомест за откуп на програми од независни продуценти | 5,442,750 | 0 | 0.0 |
| Копродукциски проекти | 63,908,511 | 105,128,694 | 164.5 |
| **Вкупно 25 - Програмски права** | **113,561,961** | **238,427,791** | **210.0** |
| **Останати трошоци од работење** | | | |
| ***26)Наемнини*** | | | |
| Наем на опрема и недвижнини, дописништва и др. | 179,683 | 180,131 | 100.2 |
| **Вкупно 26** | **179,683** | **180,131** | **100.2** |
| ***27) Останати трошоци од работење*** | | | |
| Адвокатски и нотарски услуги | 849,405 | 331,754 | 39.1 |
| Ревизија на финансиски извештаи | 599,676 | 899,514 | 150.0 |
| Услуги за вештачење | 16,520 | 9,440 | 57.1 |
| Технички услуги | 1,875,779 | 2,316,230 | 123.5 |
| Интелектуални услуги (преведувачки услуги,изработка на проекти,елаборати и сл.) | 2,409,805 | 5,593,664 | 232.1 |
| Авторски договори-авторска агенција | 10,336,443 | 16,041,466 | 155.2 |
| Трошоци за проект Евровизија | 7,852,642 | 2,090,129 | 26.6 |
| Трошоци за судски извршители | 2,098,341 | 18,293 | 0.9 |
| **Вкупно 27** | **26,038,611** | **27,300,490** | **104.8** |
| ***28)Членарини, котизации,такси,ЗАМП,останати услуги*** | | | |
| Годишни членарини - ЕБУ, ЦИРКОМ | 9,501,368 | 9,951,605 | 104.7 |
| Котизации и акредитации | 171,253 | 0 | 0.0 |
| Останати услуги од работење | 2,850 | 0 | 0.0 |
| Мало авторско право (ЗАМП) | 13,514,381 | 13,251,833 | 98.1 |
| **Вкупно 28** | **23,189,852** | **23,203,438** | **100.1** |
| ***29)Материјали и услуги за дигитализација*** | | | |
| Набавка на дигитални технички материјали и услуги | 76,492 | 422,514 | 552.4 |
| **Вкупно 29** | **76,492** | **422,514** | **552.4** |
| **Вкупно - Останати трошоци од работење** | **49,484,638** | **51,106,573** | **103.3** |
| **А.ВКУПНО ТРОШОЦИ** | **1,455,059,736** | **936,361,779** | **64.4** |
| **Б.ИНВЕСТИЦИИ** | | | |
| Набавка на опрема | 46,737,523 | 1,878,793 | 4.0 |
| **Б.ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **46,737,523** | **1,878,793** | **4.0** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ (А+Б)** | **1,501,797,259** | **938,240,572** | **62.5** |

## СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ, ДООЕЛ Аргус, ДООЕЛ Сцена и База ДООЕЛ на 31.12.2020 година

### РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО

| ОПИС | Состојба на 31.12.2019 | Состојба на 31.12.2020 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| **Побарувања од купувачите во земјата** | **2,101,859,458** | **2,091,011,246** | **99.5** |
| **Побарувања од купувачите во странство** | **39,207,897** | **40,245,762** | **102.6** |
| **Вредносно усогласување на побарувањата од купувачите** | **-2,127,593,651** | **-2,120,795,925** | **99.7** |
| **Вкупно:** | **13,473,704** | **10,461,083** | **77.6** |

### Побарувања од купувачите во земјата

| ОПИС | Состојба на 31.12.2019 | Состојба на 31.12.2020 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| - редовни побарувања | 2,048,061,769 | 2,042,627,644 | 99.7 |
| - побарувања за кои се поведени судски постапки за присилна наплата | 53,797,689 | 48,383,602 | 89.9 |
| - вредносно усогласување на побарувањата | -2,089,066,469 | -2,082,090,327 | 99.7 |
| **Вкупно:** | **12,792,989** | **8,920,919** | **69.7** |

Вкупните ненаплатени побарувања од купувачите во земјата со состојба на 31.12.2020 година изнесуваат вкупно 8.920.919 денари а се однесуваат на следните видови услуги:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2019 | Состојба на 31.12.2020 | индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| - ненаплатени побарувања по основ на радиодифузна такса (обврска на УЈП) | 2,040,879,236 | 2,033,405,711 | 99.6 |
| - радио и телевизиски реклами | 3,367,665 | 6,189,493 | 183.8 |
| - закуп на основни средства | 146,302 | 118,182 | 80.8 |
| - побарувања од корисници на Кулата на МРТ (закуп, струја) | 3,058,135 | 2,507,304 | 82.0 |
| - спогодби | 610,431 | 406,954 | 66.7 |
| - тужени побарувања (за реклами, закупнини и др.) | 53,797,689 | 48,383,602 | 89.9 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите во земјата | -2,089,066,469 | -2,082,090,327 | 99.7 |
| **Вкупно:** | **12,792,989** | **8,920,919** | **69.7** |

**Побарувања од купувачите во странство**

Вкупните ненаплатени побарувања од купувачите во странство со состојба на 31.12.2020 година изнесуваат вкупно 1.540.164 денари, а се однесуваат на следните видови услуги:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2019 | Состојба на 31.12.2020 | индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| - Купувачи во странство ( тужени побарувања од отстапени права ) | 35,035,082 | 35,081,464 | 100.1 |
| - ТВ услуги и реклами | 539,993 | 541,822 | 100.3 |
| - технички услуги | 2,810,181 | 2,819,706 | 100.3 |
| - побарувања од закупнини | 16,784 | 16,841 | 100.3 |
| - отстапени права | 120,358 | 1,387,989 | 1,153.2 |
| - фестивали во странство | 413,675 | 124,843 | 30.2 |
| - побарувања од спонзорства во странство | 271,824 | 273,097 | 100.5 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите во странство за 2019г | -38,527,182 | -38,705,598 | 100.5 |
| **Вкупно:** | **680,715** | **1,540,164** | **226.3** |

**РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ**
**НА ЈРП МРТ, ДООЕЛ Аргус, ДООЕЛ Сцена и ДООЕЛ База на 31.12.2020 година**

| ОПИС | состојба на 31.12.2019 год. | состојба на 31.12.2020 год. |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| **Краткорочни обврски** | **541,527,937** | **521,765,183** |
| Обврски кон добавувачите во земјата | 99,492,045 | 56,860,313 |
| Обврски кон добавувачите во странство | 13,066,040 | 12,120,233 |
| Обврски за примени аванси од купувачи | 79,257 | 78,723 |
| Краткорочни обврски за даноци (ДДВ,ДД,ПД) даноци и придонеси за плата, камати по истите и сл. | 147,363,467 | 141,866,292 |
| Обврски спрема вработените | 24,184,897 | 37,025,731 |
| Обврски за авторски договори | 1,303,434 | 1,132,789 |
| Краткорочни обврски кон МФ (доспеана камата и главен долг за Лондонски и Париски клуб) | 172,600,320 | 157,860,262 |
| Останати краткорочни обврски | 572,558 | 1,096,399 |
| Краткорочни обврски за заеми (камата и главен долг кон АД Аеродроми) | 12,920,280 | 12,920,280 |
| Резервирања врз основ на судски спорови (камата и главен долг ММИ) | 69,945,639 | 100,804,161 |
| **Долгорочни обврски** | **189,080,710** | **173,019,640** |
| Долгорочни обврски кон добавувачи во земјата | 14,657,025 | 11,516,235 |
| Долгорочни кредити и заеми (АД Аеродроми) | 174,423,685 | 161,503,405 |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ** | **730,608,647** | **694,784,823** |

Вкупните обврски на МРТ и ДООЕЛ – ите База, Аргус и Сцена со состојба на 31.12.2020 година изнесуваат 694.784.823 денари и истите во однос на состојбата на 31.12.2019 година се намалени за 35.823.824 денари.

## СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ

**СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2020 ГОДИНА ПО КВАЛИФИКАЦИИ ЗАЕДНО СО ДООЕЛ Аргус, ДООЕЛ База и ДООЕЛ Сцена**

| | д-р | м-р | ВСС | ВС | ССС | ВКВ | КВ | НСС | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 12/31/2019 | 0 | 28 | 321 | 22 | 355 | 0 | 32 | 13 | 771 | |
| 12/31/2020 | 1 | 26 | 302 | 20 | 326 | 0 | 30 | 10 | 715 | -56 |
| структура 31.12.2020 г.(%) | 0.1 | 3.6 | 42.2 | 2.8 | 45.6 | 0.0 | 4.2 | 1.4 | 100.0 | -6.5 |

Состојбата на вработените во ЈРП МРТ и ДООЕЛ –те на 31.12.2020 год. изнесува вкупно 715 лица што е намалување за 56 лица во однос на состојбата на 31.12.2019 година. Од нив 55 вработени се заминати од МРТ а 1 вработен од ДООЕЛ Сцена.

Скопје, Март 2021 год.

Одобрил
Директор на заеднички функции
и администрација

__________________________

Горан Атанасов

Директор на ЈРП МРТ

__________________________

Марјан Цветковски

Одделение за сметководство
Изработил: С.Николовска
Одделение за планирање
и реализација на буџети
Изработил: В. Димеска
Изработил: Л. Мицанова